МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА
**„ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА“**

**INTERNATIONAL ART COLONY**
“VEVCANI SIGHTINGS”

# СИНЕРГИЈАТА НА УБАВОТО

# SYNERGY OF BEAUTY

2016





**КАТАЛОГ**

НА МЕЃУНАРОДНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

„ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА“

ОД 2016 ГОДИНА

„СИНЕРГИЈАТА НА УБАВОТО“

**CATALOGUE**

OF INTERNATIONAL ART COLONY

“VEVCANI SIGHTINGS”

FROM 2016

“SYNERGY OF BEAUTY”

**ИЗДАВАЧ**

МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

„ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА“

**PUBLISHER**

INTERNATIONAL ART COLONY

“VEVCANI SIGHTINGS”

РЕСТОРАН «ВИА ИГНАЦИЈА», ВЕВЧАНИ,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

RESTAURANT “VIA IGNATIA” VEVCANI,

MACEDONIA

Тел.: +38946798102

Tel.: +38946798102

WWW.ARTCOLONY.MK

WWW.ARTCOLONY.MK

ВЕВЧАНИ, 2016

VEVCANI, 2016

И оваа 2016 година, како и изминатите седум години, летото во Вевчани пулсираше во знакот на уметноста. Природата, како ненадминлив врв на убавото која Бог нештедејќи ја излеал во ова несекојдневно место на картата на светот, беше во вистинска синергија со разнообразните таленти на триесетината врвни уметници кои од сите географски меридијани дојдоа во исто време и на исто место, но со една, благородна цел.

Како и разноликоста на природата, така и дивергентните уметнички стилови на учесниците на Колонијата, вообличија една инспиративна целина која во себе ја содржи пораката за натамошна афирмација на убавото, на вредното и на возвишеноста.

Ресторанот „Виа Игнација“, традиционално беше средиштето од каде во Вевчани, во Македонија, но и во светот беше прославувана естетиката и префинетоста.

Нашите уметници–пријатели од Македонија, од Франција, Русија, Италија, Бугарија, Египет, Србија, Турција, од Албанија и од други места, поставија уште еден гранитен камен во прекрасното здание на Меѓународната ликовна Колонија „Вевчански Видувања“ кое неуморно и со голема пожртвуваност го помага компанијата „ВИА“ ДОО од Вевчани.

Инспиративните авторски дела, како потврда на големината на учесниците, остануваат да бидат силен белег за едно време и за една партикуларна визура која на уникатен начин го скицира минатото, сегашноста и иднината.

Задоволни од резултатите на нашата работа, црпиме инспирација за следните чекори во насока на уште поголема афирмација на соработката и на пријателството помеѓу народите која се случува тука, кај Изворите кои со својот шум непрекинато до крајот на светот Му благодарат на Творецот на сé што постои.

Со таа верба, на јавноста ѝ го предаваме на увид овој заеднички труд, чија есенција е вообличена во овој Каталог на слики направени летото, во 2016 година.

*Со почит,*

*Меѓународна Ликовна Колонија*

*„Вевчански Видувања“*

Similar to the past seven years, in 2016, the summer in Vevchani pulsed in the beat of the art. The nature as a supreme climax of beauty that God selflessly poured over this extraordinary spot of the world map was in true synergy with the various talents of about thirty masterful artists, gathered from all geographic meridians in the same time guided by a noble goal to gather in the same location.

Like the diversity in nature, the divergent artistic styles of the participants in the Colony, embody an inspirational intact that contains the message for further affirmation of beauty, values and sublimity.

Via Ignacia Restaurant traditionally was the centre from where in Vevcani, in Macedonia, but also in the world the aesthetic and refinement were celebrated.

Our friends – artists from Macedonia, France, Russia, Italy, Bulgaria, Serbia, Turkey, Albania, to mention just a few, have set another granite stone in the majestic edifice of the International Art Colony “Vevcani Sightings”, which are tirelessly and selflessly supported by “VIA” DOO – Vevchani.

The inspirational art work, as a confirmation of the magnitude of the participants, remain a strong mark of a time and a particular vista, that sketches the past, present and the future in an unique manner.

Pleased by the results of our work, we are inspired to take our future steps in direction of even greater affirmation of the cooperation and the friendship among nations that occurs here, near the song of the Springs that thank the Creator of everything that exists.

With this faith, we present the public this joint work, whose essence is shaped through this Catalogue of Paintings from summer 2016.

*Sincerely,*

*International Art Colony*

*“Vevcani Sightings”*

*Мишо Китаноски*

# *МЕЃУ СЛИКАТА И ПРАЗНИНАТА*

Овој пат, седмата по ред ликовна колонија „Вевчански видувања“ – 2016 година, му ја посветивме на ранопочинатиот ликовен уметник и академик Глигор Чемерски – Гиче (1940-2016). Зошто? Затоа што Тој беше и засекогаш ќе остане духовниот втемелувач и траен поддржувач на оваа, по многу нешто, значајна ликовна средба на уметници дојдени од сите четири страни на светот во Вевчани. И – уште зошто? Затоа што големиот уметник, Гиче бескрајно многу го сакаше Вевчани и еден сосема мал дел од своето многу богато творештво го создаде тука, меѓу морето од тишини и светлини на океанот од добрини и човекувања. Се чини дека тука, на Вевчанско-Римската „Виа Игнација“, Тој го излеа својот вруток од чувства, но и својот творечки немир и инспирација. Истовремено, Тој остави и траен белег, како знак на своето творечко постоење.

Од зажареното тиквешко небо целото облеано во пурпур-винска боја сé до Вевчанското подгорје, исполнето од трепети и далечни звуци на спокојот; Од полошките фрески сé до Вевчанските далечини; Од неговите убавици, сé до нашите печалбарски пенелопи, Тој направи една непрегледна космогонија, тргната во потрага на сликарскиот идентитет и слава.

Кај Гиче кога ќе престанеше бојата да го бакнува платното, тогаш почнуваше да зрачи сликата со сета раскошност и убавина, исполнета до последното делче со неговата мисла и порака, оркестрирана од немирот на нашето доживување.

Неговите коњи под сонцето и нашите траги во времето и во просторот, не само што доволно зборуваат за неговите дострели, туку и нé правеа и нé прават, повеќе од горди и исправени.

Сликите што ги создаде Гиче во својот живот, подеднакво шират пораки, но и пеат песни. Тие раскажуваат монодрами и инсипративно го лечат со својот скриен внатрешен набој, ранетото човеково страдање и прекршеното време.

Една од првите, ако не и прва слика што Тој ја создаде тука, во Вевчани, беше „Свети Ѓорѓи ја убива ламјата“. Не допишувам ништо друго за ова, освен тоа дека неговите слики засекогаш ќе ја обележуваат неговата животна мисија, постојано да се инспирира и да се твори на овој простор што плива во зеленото море од убавина и од тишина, со замолница да не го будат од сонот – сликарот, туку само да му шепотат нему, на нашиот голем и драг сликар и пријател Глигор Чемерски – Гиче, дека сите се тука збрани, неговите пријатели – сликари, но Него го нема...

Чекањето, Тој да се врати е една бесконечно голема рамка со распнато платно, што чека празнината да биде насликана.

*Во Вевчани,*
*На Преображение*
*Лето Господово – 2016*

*Мишо Китаноски*

# *BETWEEN THE PAINTING AND THE EMPTINESS*

This time, the Seventh Art Colony “Vevchani Sightings” – 2016 is dedicated to the demised artist and Academic Gligor Chemerski – Giche (1940 – 2016) Why? Because He was and will be the spiritual founder and supporter of this, among many, significant meeting of artists from around the world. And – again, why? Since the great artist Giche endlessly loved Vevchani and crated a tiny part of his numerous creations here, between the sea of silence and lights of the ocean of goodness and humanity. It seems that here on the Vevchani – Rome “Via Ignatia” he spread his vigor of feelings, but also his artistic restlessness and inspiration. In the same time he also left a memento, a mark of his artistic existence.

From the rumbling Tikvesh sky, covered in purple and vine color, up to the Vevchani slopes, filled with vibrations and distant sounds of peace, from the Polog frescoes to the Vevchani distance, from its beauties, to the emigrants’ penelopies, He made an unseen cosmogony, seeking the artistic identity and fame.

When Giche’s colors stopped kissing the canvas, the painting would glow with its grandeur and beauty, filled to the last inch with its thoughts and messages, orchestrated by the disturbance of our experience.

His horses under the sun and our traces in time and space, do not speak of his achievements alone, but made us, and make us more than proud and tall.

The paintings Giche created in his lifetime, equally share messages but also sing songs. They convey soliloquies and inspirationally heal with its internal vibe the wounded human sacrifice and broken time.

One of the first, if not the first, paintings he created here, in Vevchani, was “St. George Kills the Dragon”. I shall not write more on this, but that his paintings will always mark his life mission, constantly to inspire and create in this area that swims in the green sea of beauty and silence, pledging them not to interrupt the dream – painter, but to only whisper to him, our grand and dear painter and friend Gligor Chemerski – Giche that everyone is gathered here, his dear friends – painters, but that he is gone…

The waiting for his return is an endlessly grand framed canvas, waiting its emptiness to be painted.

*In Vevchani,*
*Transfiguration*
*Year of our Lord – 2016*

# АВТОРИ
# СЛИКИ

# PAINTERS
# PAINTINGS

# АНА ЃАПОВИЌ • ANA GAPOVIC

СРБИЈА SERBIA



**ВПЕЧАТОЦИ**

Втор пат сум во Вевчани и како и првиот пат имам ист впечаток – преубаво.

**IMPRESSIONS**

I’m here in Vevcani for the second time, and my impressions are the same – it is amazing.

St. “Novo Gradska” 18, Zemun, Belgrade; Tel.: +38163338953; E-mail: djapi88@gmail.com



## **АТАНАС** АТАНАСОСКИ • ATANAS **ATANASOSKI**

МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

### ВПЕЧАТОЦИ

Импресивен престој и пречек во сликарската колонија и ресторанот „Виа Игнација“, во Вевчани. Благодарност до персоналот за беспрекорната услуга, како и до организаторот Ѓорѓи.

Голема благодарност.

### IMPRESSIONS

Very impressive welcoming and wonderful stay in the colony as well as in the restaurant “Via Ignatia” in Vevcani. Appreciation for the personnel for the flawless service, as well as to the organizer Gjorgji.

Many Thanks.

Blvd. “Marsal Tito”, 87A / 10, Prilep; Tel.: +38975627721; E-mail: atanasatanasoski@yahoo.com



# **ДОНЕ** МИЛЈАНОСКИ • DONE **MILJANOSKI**



МАКЕДОНИЈА — MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Вевчани, вечна Божја убавина. Во Вевчани зрачи некоја чудна позитивна енергија, Вевчани рај за уметниците. Самото зрачење допира до срцата на уметникот, тоа зрачење – уметникот преку насликаното платно на ликовната колонија „Вевчански видувања“ остава трајна трага во просторот и во времето. Идеални услови за творештво. Голема благодарност на домаќините и на организаторите.

## IMPRESSIONS

Vevcani, that eternal divine beauty. In Vevcani, there is an uncanny radiance of positive energy that makes the place a true paradise for the artists. That same radiance touches directly the heart and soul of the artist, which by the painted canvas on the Art Colony “Sightings of  Vevcani” leaves a lasting mark in the time and space. Ideal conditions for creativity and creation. Enormous gratitude to the hosts and the organizers.

St. “Ivan Cankar” 58/A, Skopje;  Tel.: +38971264068;  E-mail: miljanovski@gmai.com





# **ЕМИНЕ** ТОКМАКАЈА • EMINE **TOKMAKAJA**

ТУРЦИЈА TURKEY

## ВПЕЧАТОЦИ

Се приклучив на овој настан предходната година и бев премногу среќна. Оваа година, учествувам повторно и сум почестена заради тоа. Се чувствувам како дел од една голема фамилија. Сé е совршено и секој ден е преполн со искреност и со љубезност. Храната е одлична. Секој учесник е ценет и артистите уживаат да поминуваат време овде. Тоа е моето мислење. Сé е секогаш убаво дури совршено. Ви благодарам премногу за поканата и за сé што ни овозможивте овде. Поздрав од Истамбул.

## IMPRESSIONS

I joined this event last year and I was very joyful. I am participating again this year, I am honored and happy again. I feel like a part of a great family. Everything is perfect and every day is filled with honesty and kindness. The food is excellent! Each participant is appreciated, and artists enjoy to spent time here. This is my opinion. Everything is always nice and perfect. Thank you so much for your invitation and everything else provided here. Greetings from Istanbul.

St. Mine. Apt. Nozii Daire 12, Fatih Findikzade, Istanbul, Turkey; Tel.: +905306677749; E-mail: etokmakkaya@gmail.com



# ГОРЈАНА МИЌИЌ • GORJANA MICIC

СРБИЈА SERBIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Преубаво и инспиративно место, за секој уметник.

## IMPRESSIONS

Amazing and inspirational place for every artist.

St. “Francuska” 37, Belgrade; Tel.: +381641951814; E-mail: gorjana.micic@yahoo.com





# ЈЕЛЕНА ТИЈАНИЌ САВИЌ • ELENA TIJANIC SAVIC

СРБИЈА SERBIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Исклучително сум задоволна од гостопримството на организаторите, персоналот во ресторанот, како и сите луѓе кои учествуваат во организацијата на Ликовната колонија. Вевчани е преубаво место, многу инспиративно и многу благодарно за уметниците. Овде дишеме мир и заедништво. Благодарност до сите кои ни излегоа во пресрет и нé примија нас и нашите деца. Сé на сé – презадоволни.

## IMPRESSIONS

Exceptionally pleased by the hospitality of the organizers, the personnel in the Restaurant as well as from all the other people that are part of organization of the Art Colony. Vevcani is a very beautiful place, very inspiring and very appreciative of the artists. We breathe peace and unity here. Many thanks to all of you that came out to meet us, and accepted us and our children as their own. All in all – we are more than satisfied.

St. "Gavrila Principa" 41, 11000 Belgrade; Tel.:+381641506500; E-mail: jelenasavic76@gmail.com



# ЈЕЛЕНА ВРАГОВИЌ ЦВЕТКОВИЌ • JELENA VRAGOVIC CVETKOVIC

СРБИЈА SERBIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Преубава дружба со уметници на преубаво мето, полно со позитивна енергија. Голема благодарност до домаќините, амбиентот и до Вевчанци.

## IMPRESSIONS

Amazing company of artists in amazingly beautiful place, filled with positive energy. Many thanks to the hosts, the ambient and the people of Vevcani.

St. "D. Tucovica" 12, Vrsac; Tel.: +381603337072; E-mail: jelenavragovic@yahoo.com





# МАРИЈА ЏУНОВА • MARIJA DZUNOVA

МАКЕДОНИЈА | MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

... Благодарност до Вевчани, „храброста“ на Виа Игнација и провокацијата за размислување. За движењето на уметноста и на занаетот - едно до друго по ивицата. “Cecin'est pas une pipe” – Rene Magrite.

## IMPRESSIONS

... Big thanks to Vevcani, the “courage” of Via Ignacia for provoking the thoughts. For the movement of the art and the craft, side by side on the edge. “Ceci n'est pas une pipe” – Rene Magrite.

St. “Partenij Zografski” 47/7 K-3, Veles; Tel.: +38970555348; E-mail: marija_dzunova@yahoo.com



# **НАТАЛИЈА** ПУЛЕЈОВА РАДЕСКА • NATALIJA **PULEJOVA RADESKA**



МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Автентичноста на Вевчани и амбиентот во „Виа Игнација“ сосздадоа силна конекција помеѓу природата и уметноста. Динамичната позитивна атмосфера беше пропратена со креативно дружење, непосредност, комфор и стислска разновидност. Благодарност до организаторите што беа дел од оваа меѓународна ликовна колонија - „Вевчански видувања“

## IMPRESSIONS

The authenticity of Vevcani and the ambience of Via Ignacia created strong connection between the nature and the art. The dynamic atmosphere, was accompanied with creative companionship, spontaneity, comfort and styling variety. Thanks to the organizers that were part of this international, Art Colony - Vevcani Sightings .

St. “Partenij Zografski” 8a, Skopje - Center; Tel.: +38978480914





# НЕБОЈША ЃУРАНОВИЌ • NEBOJSA DJURANOVIC

СРБИЈА SERBIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Извонредна атмосфера, убави и слатки луѓе. Природата и опкружувањето се неверојатни. Од година во година се поубаву и поубаво. Се заблагодарувам на семејството Угринови за поканата.

## IMPRESSIONS

The atmosphere is exceptional, surrounded by beautiful and sweet people. The nature and the surroundings are unbelievable. Every year is getting better and better. I humbly thank the family Ugrinovi for the invitation.

St. "Milorada Draskovica" 20/5, Belgrade; Tel.: +389646734211; E-mail: nebojsadjuranovic@gmail.com



# **НИЧЕ** ВАСИЛЧЕВ • NICE **VASILEV**

МАКЕДОНИЈА MACEDONIA



### ВПЕЧАТОЦИ

Во Вевчани е прекрасно. Луѓето се прекрасни и гостопримливи. Не познавам некој што еднаш бил, а не сакал повторно да дојде. Јас сум втор пат овде и, секако, повторно би се вратил бидејќи за мене како уметник, Вевчани е место кое побудува необични емоции и делува инспиративно.

### IMPRESSIONS

In Vevcani is beautiful, the people are wonderful and hospitable. I don’t know any person that once was here, and didn’t want to come back again. I am here for the second time, and of course I would be very pleased to come again. To me as an artist, Vevcani is a place that inspires unusual emotions and helps my creative process.

St. “Dimitar Vlahov” 1/4, 2400, Strumica; Tel.: +38971750103; E-mail: nicevasilev@yahoo.com



# **ЉУБКА** КИРИЛОВА • LJUBKA **KIRILOVA**

БУГАРИЈА — BULGARIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Благодарност за поканата да учествувам во колонијата. Вчудоневидена сум од гостопримството како и од условите за работа и од хотелот. Се чуствувам прекрасно во ваков престој, опкружена со помшта на домаќините и персоналот да творам во изобилство на преубава природа.  Преубаво е во Вевчани.

## IMPRESSIONS

Many thanks for the invitation to be a part of this colony. I am amazed from the hospitality, the working conditions as well as the hotel. I feel wonderful in this kind of accommodation, surrounded by the help of the hosts and the personnel, who help me, paint in the plenty of the wonderful nature. It is wonderful in Vevcani.

“Sveta Troica” St. “Ruse”/A/21, Sofija, 1309;  Tel.: +359885924997;  E-mail: art@lkirilova.com



# ОЛГА ПАНКИМА • OLGA PANKIMA

РУСИЈА RUSSIA



## ВПЕЧАТОЦИ

Вевчани е фантастично место, како да е создадено за уметниците да творат на чист воздух, во зелената планина, слушајќи го волшебниот жубор на водата. Атмосферата на Колонијата е пријателска и позитивно творечка. На учесниците во Колонијата им се создадени одлични услови за работа и за одмор. Од срце им се заблагодарувам на организаторите.

## IMPRESSIONS

Vevcani is a fantastic place, as if it was created for the artists to be able to create in clean air, deep in the green mountain, listening to the magical sound of the river. The overall atmosphere of the colony is friendly and inspiring. Artists enjoy great conditions for work and rest. I wholeheartedly thank the organizers.

Bvld. "Jan Rajms" 45-2289, Moscow, Russia; Tel.: +7916 5622 133; E-mail: olga-pankina@hotmail.com





# ПЕТАР ПОПЧЕВ • PETAR POPCEV

МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Вевчани и се е можно ... Мојот долгогодишен стаж и километражата поминатa тука во Вевчани, ми даваат слобода да кажам дека веќе се чуствувам како Вевчанец, па дури и да размислувам и зборувам како таков. Овде е сé поинаку, со други димензии, а сите прават сé да се чувствуваш возвишено и убаво. Овде можеш да сликаш покрај три срнички кои љубопитно се мотаат околу тебе и ти јадат од рака, потоци од сите страни и на крајот неизбежно си го поставвуаш прашањето - дали си во рајот. Биди сигурен дека си...

## IMPRESSIONS

Vevcani and all is possible … My long experience and strolls here in Vevcani, give me the liberty to say that I feel as a resident here, I even talk and think like one. Everything is different here, with a different dimension, while everyone give their best to do make you feel sublime and good, Here you can paint surrounded by thee young does that curiously wonder around you, and eat from your hand; the Springs flow from all corners and you are inevitably left with the question : - “Is this Paradise?” Be assured it is …

St. “Koce Metalec” 1v/ 12 - Skopje; Tel.: +38970242525; E-mail: p.popcev@yahoo.com



# **ДАРВИШ** САЈЕД • DARWICHE **SAYED**

ФРАНЦИЈА FRANCE

## ВПЕЧАТОЦИ

Те сакам Македонија. Те сакам Вевчани. Те сакам Битола.

## IMPRESSIONS

I love you Macedonia. I love you Vevcani. I love you Bitola.

141 Av De Fontaine Bleak 94 270, Paris France; Tel.: +622304780; E-mail: sayeddarwiche@gmail.com





# **СЕРАФИНА** ФАНТАУЗО • SERAFINA **FANTAUZO**

МАКЕДОНИЈА ИТАЛИЈА — MACEDONIA ITALY

## ВПЕЧАТОЦИ

Вевчани плени со својата специфична архитектура и природна убавина. Звукот на вевчанските води, песната на славејот, шепотот на лисјата и гостопримството на домаќините уште повеќе допринесуваат, да се чувствуваме добредојдени на оваа Меѓународна ликовна колонија, во која јас за прв пат учествувам. Универзалниот јазик на уметноста нема граници. Таа го разбира само јазикот на срцето. Во градчето на шегата и мистериозните приказни се чувствуваш како цвет во рајска градина.

## IMPRESSIONS

Vevcani captivates with its specific unique architecture and natural beauty. The sound of the Vevcani Water, the song of the nightingale, the whisper of the canopies, and the hospitality of the hosts make you feel more than welcomed in this International Art Colony in which I am taking part for the first time. The universal language of art is borderless; it only understands the language of the heart. In the town of jokes and mysterious stories, you feel like a flower in a garden of eve.

St. “Vukovarska” 6A/ 9 / II / 13 , Cair, Skopje;  Tel.: +38978497206



## **СПАСЕ** ПЕРОСКИ • SPASE **PEROSKI**

МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

### ВПЕЧАТОЦИ

Цариград Виа Вевчани. Триптих од Византион,
„кон" Вевчански пород и древен корен
Неизмерна благодарност до организаторот.

### IMPRESSIONS

Constantinople Via Vevcani, Triptych from Visantion,
towards Vevcani offspring and ancient roots.
Profound gratitude to the organizers.

St. "Nikola Karev" 4-3/ 19 1400, Veles; Tel.: +38977903159; E-mail: spasep@yahoo.com





# **СТАНКО** ЃОРЃИЕВ • STANKO **GORGIEV**

МАКЕДОНИЈА | MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Се надевам и посакувам повторно да го посетам Вевчани и да го слушнам звукот на Вевчанските извори.

## IMPRESSIONS

I wish, and I am hopeful that I will visit Vevcani again, to hear the sound of the Vevcani springs.

St. "Gostivarska" 30 s, Skopje; Tel.: +38971760709



# **ЖИВКО** ПОПОВСКИ ЦВЕТИН ● ZIVKO **POPOVSKI CVETIN**



МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Вевчани плени со природните убавини, куќичките, питомоста на луѓето, а особено со реката „Матица“ која од изворите стрмоглаво се спушта и со голема гласност ја раскажува вековната  приказна на селото низ кое поминува патот за накај Виа Игнатиа.

## IMPRESSIONS

Vevcani captivates with its natural beauties, small houses, sensible people, especially the Matica River which swiftly drops from its springs and loudly tells the century’s old story of the village on the path towards Via Ignacia.

St. “Franklin Ruzvelt” 4/2, Skopje;  Tel.: +38975335373;  E-mail: zivko.cvetin@yahoo.com



# **АНИЦА** КИТАНОСКА • ANICA **KITANOSKA**

МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Како најмлад учесник на оваа колонија, ја имав таа привилегија да учам од најдобрите во топла и хармонична атмосфера, како што може да пружи само вевчанското великодушно срце, во „Виа Игнација. Во мојот живот се отвори едно ново поглавје, исполнето со сила, мотив и волја за творештво.

## IMPRESSIONS

As the youngest participant in this colony, I had the privilege to learn from the best in a warm and harmonious atmosphere, as could only be provided by the warm and generous heart of Vevcani, in Via Ignacia. A new Chapter is opened in my life, filled with strength, motive and will for creation.

6335 Vevcani; Tel.: +38978438661; E-mail: anica_kitanoska@live.com



# БОЈАН САВИЌ • BOJAN SAVIC

СРБИЈА SERBIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Убаво! Добри луѓе, Добар ресторан!
Добра енергија! Убаво Вевчани!

## IMPRESSIONS

Beautiful! Good people! Good Restaurant!
Good Energy! Beautiful Vevcani!

St. "Gavrila Principa" 41, 1000, Belgrade; Tel.: +381606773706; E-mail: bojansavic011@gmail.com



# **МИРОСЛАВ** МАСИН • MIROSLAV **MASIN**

МАКЕДОНИЈА — MACEDONIA

Blvd. "Mito Hadzivasilev Jasmin", 30/2 / 1, 1000 Skopje; Tel.: +389 70 221 468; E-mail: contact@masin.mk



# **МАРАТ** КАДИШЕВ • MARAT **KADISHEV**

РУСИЈА RUSSIA

## ВПЕЧАТОЦИ

Убаво! Добри луѓе, Добар ресторан!
Добра енергија! Убаво Вевчани!

## IMPRESSIONS

Beautiful! Good people! Good Restaurant!
Good Energy! Beautiful Vevcani!

St. "Onezska" 12, 1000, korp 1 Moskva; Tel.: +7 916 659 73 47; +7 499 154 94 12; E-mail: artmarat.ru.predelanet@gmail.com



# **НЕВЗАТ** БЕЈТУЛИ **КИЦА** ● NEVZAT BEJTULI **KICA**

МАКЕДОНИЈА MACEDONIA

Ul. “170/2” Tetovo; Tel.: +359 77 816 437; E-mail: kica90@hotmail.com



# Времеплов – Walk Through Time







# Времеплов – Walk Through Time










## КОГА ОДАМ ВО ВЕВЧАНИ, ОДАМ ВО ВИА ИГНАЦИЈА






RESTAURANT ★★★★
ViaIgnatia
VEVCHANI

www.viaignatia.mk;

# ВИА ДОО ВЕВЧАНИ

Tel.: 046 / 798 102;
e-mail:via@t-home.mk

CIP

МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА
**„ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА“**

**INTERNATIONAL ART COLONY**
“VEVCANI SIGHTINGS”

# СИНЕРГИЈАТА НА **УБАВОТО**

# **SYNERGY** OF BEAUTY

**Вевчани - 2016 - Vevcani**

